Бр./Nr 12-990/2
04-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-990/1 од 03.03.2026 година, против Градоначалникот на Општина ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со бр. 12-990/1 од 03.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 03.03.2026 година, поднесена е пријава против Градоначалникот на Општина ----и оформен е предмет бр. 12-990/1 од 03.03.2026 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во својство на Директор на ЈОУДГ “----" - ---- ја поднела пријавата поради сомнеж за злоупотреба на службена положба и влијание од страна на општина ---- преку иницирање неосновани пријави и вршење притисок преку институциите Министерство за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство ----. Подносителот дополнил дека во повеќе наврати, по иницијатива на градоначалникот, се воделе постапки против

подносителот, иако за предметните наводи постоела целосна и уредна документација, а во досегашните постапки не биле утврдени незаконитости. Се посочува дека, континуирано постапување создавало сомнеж кај подносителот дека се работи за користење за службената позиција за личен/политички притисок и заплашување, наместо за законито постапување во јавен интерес, поради што бара ДКСК да постапи согласно законските надлежности.

Имајќи предвид дека наводите во пријавата се однесуваат на постапки кои се водат пред надлежни институции - Министерството за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство, кои имаат законска надлежност самостојно да ги утврдуваат состојби со сомневање за сторени неправилности, Државната комисија оцени дека во конкретниот случај нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц./ В.ХН член/anëtar на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата